Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 03-185/2
28. 10. 2020 год.
с. Мало Коњари Прилеп

# З А П И С Н И К

За позитивно одговорено барање за пристап на информации од јавен карактер

До ООУ„ Страшо Пинџур“ село мало Коњари - Прилеп пристигнато е барање за пристап до информации од јавен карактер од Здружение за човекови права ОД НАС ЗА НАС - Скопје, заведено под бр. 03-185/1, пристигнато на e-mail адресата од училиштето на ден 16.10.2020 година, а кое е во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101 од 22.05.2019 година).

Барањето за пристап до информации од јавен карактер ги содржи сите елемнти наведени согласно Законот и се однесува на информацијата,

**- Извадок, добиен (преку МОН-Скопје), од Нацрт-записникот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29.09.2020 година,точка 119 :**

**1. Го усвои Извештајот и го прифати предлогот на Комисијата , односно даде согласност за организирање на настава со физичко присуство во наведените училишта од Табела бр.1, како составен дел на овој Извештај, а кој треба да биде доставен до Здружение ОД НАС ЗА НАС – Скопје во електронска форма.**

**- Извадок, добиен (преку МОН-Скопје), од Нацрт-записникот од осумдесет и втора седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14.10.2020 година,точка 51 :**

**1. Го усвои Извештајот и го прифати предлогот на Комисијата , односно даде согласност за организирање на настава со физичко присуство во наведените училишта од Табела бр.1, како составен дел на овој Извештај, а кој треба да биде доставен до Здружение ОД НАС ЗА НАС – Скопје во електронска форма.**

Имено, училиштето поднесе Барање до ЕЛС на Општина Прилеп – Сектор за образование, за одобрување на реализација на настава со физичко присуство, а со претходно добиени резултати од спроведена анкета, во која 100% од испитаниците /родители/старатели/ се изјаснија за реализација на настава со физичко присуство, затоа што училиштето ги има сите услови за реализација на настава со физичко присуство: располага со три училишни згради, едно централно во Мало Коњари, и две подрачни во населените места с.Големо Коњари и с. Кадино Село со вкупен број на ученици 144. При тоа добивме согласност за настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение во централното и подрачните училишта. Додека за учениците од шесто до деветто одделение не добивме согласност и за истите се реализира настава од далечина. Исто така училиштето изготви План и протокол за реализирање на настава со физичко присутво, План и протокол за реализирање на настава од далечина (online настава) и Алгоритам за постапување во училиштето во случај на појава на ученик со сиптоми, сомнителен/позитивен на Ковид -19, изготвени согласно Планот за одржување на наставата во Основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година од Влада на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.212.2020 година) и Уредбата (Службен весник на РСМ бр. 232 од 27.09.2020 година.) за начинот на организирање и реализирање на наставават во услови на вонредни околности во основните и средните училишта.

Имателот на информациите од јавен карактер при ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, претставувано од одговорното лице, Ирена Кироска – директор на ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп и секретарот на училиштето, Виолета Димеска како службено лице за посредување на информациите од јавен карактер веднаш постапи согласно Законот и одговори позитивно на Барањето во електронска форма.

Записникот е изработен на ден 28.10.2020 година.

Записничар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

_______________
/ Виолета Димеска /

Имател на информации од јавен карактер
во ООУ„ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп
Одговорно лице

_______________
/ Ирена Кироска /

Република Северна Македонија, СТРАШО ПИНЏУР, с. Мало Коњари, Прилеп, Општинско основно училиште